ОСНОВЕН СУД
-ДЕЛЧЕВО
0302 СУ-328/24
20.08.2024 година

Врз основа на чл.43 од Законот за судовите (Сл.весник на РМ 58/06 од 5.05.2006 г.),чл.7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите (Сл.весник на РМ 83/18 од 8.05.2018 г.),чл.14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите (Сл.весник на РМ 150/10 од 18.11.2010 г.) а в.в. со Одлуката на Судскиот совет за утврдување на бројот на судии поротници во судовите во РМ од 09.12.2015 година, Основниот суд во Делчево на ден 20.08.2024 година објавува:

# О Г Л А С
## за избор на 12 судии – поротници во Основен суд Делчево

**I.**Кандидатите за судии поротници треба да ги исполнуваат следните услови:
-да е полнолетен државјанин на Република Северна Македонија
-да има завршено најмалку средно образование
-активно да го владее македонскиот јазик
-да не е постар од 60 години.
-да ужива углед за вршење на функцијата судија – поротник

**II.** За судија поротник не може да биде избрано лице кое со судијата или судија поротник во истиот суд е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар, ниту лице кое со член на Судски совет на РСМ е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар.

**III.** Заинтересираните кандидати да достават пријава со потребните документи: уверение за државјанство (не постаро од 6 месеци), извод од матичната книга на родени и уверение за завршено најмалку средно образование, во писарницата на судот – приемно одделение, во рок од 15 дена од објавувањето на огласот.

**IV.** По изборот судиите поротници задолжително посетуваат специјализирана обука организирана од Академијата за судии и јавни обвинители,за што Академијата им издава потврда за завршена обука.

Основен суд Делчево
ВД Претседател на судот
Миле Ѓоргиев